РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

02-2451/1
20-07-2026

Врз основа на член 17 точка 26, а во врска со член 22 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година донесе

# ДЕЛОВНИК
## за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата

**Член 1**

Во Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр.02-3087/1 од 06.12.2024 година во членот 2 став 2 зборовите "„Даме Груев" бр.1" се заменуваат со зборовите "„Пресвета Богородица" бр.3".

**Член 2**

Во членот 9 алинеја 8 зборовите „на седница на„ се заменуваат со зборот „од„.

Алинејата 9 се брише.

Алинејата 10 која станува 9 се менува и гласи:
„ - го следи извршувањето на одлуките, заклучоците и другите акти на Државната комисија;„.

Алинеите 11, 12, 13, 14 и 15 стануваат алинеи 10, 11, 12, 13 и 14.

**Член 3**

Во член 13 ставот 2 се менува и гласи:
„За редовното присуство на работа се води писмена евиденција која на крајот на месецот ја верификува претседателот„.

Ставот 3 се менува и гласи:
„Членот на Државната комисија за отсуството од работа, писмено го известува претседателот на Државната комисија„.

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

**Член 4**

Во член 16 ставот 2 се менува и гласи:

„Членот има право да бара и да добие помош од Генералниот секретар и од вработените во Секретаријатот на Државната комисија за непречено спроведување на надлежностите на Државната комисија со вршење на административните работи од надлежност на Државната комисија, вклучително и следење на имотната состојба и интересите, следење на законитоста на финансирањето на политичките партии и изборни кампањи, спроведување проверки, повикување на лица и давање мислења, предлози и препораки од надлежност на Државната комисија утврдени со закон, одговори по барања за пристап до информации, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а по примени предмети и претставки спроведува административна проверка и со резултатите од проверката задолжително ги проследува до Државната комисија, односно надлежните органи за натамошно постапување.„.

**Член 5**

Членот 17 се менува и гласи:

**„Постапување во случај на постоење на судир на интереси**

**Член 17**

Претседателот и членовите на Државната комисија се должни во постапувањата по предмети да внимаваат на потенцијален судир на интереси и навремено да преземат мерки за негово отстранување.“

**Член 6**

По членот 17 се додава нов член 17-а со поднаслов Постапување при сомневање на постоење судир на интереси и нов член 17-б со поднаслов Пријавување на состојба на судир на интереси и иземање кои гласат:

**„Постапување при сомневање на постоење судир на интереси**

**Член 17-а**

Во случај на сомневање за судир на интереси, претседателот и членовите на Државната комисија до Државната комисија доставуваат барање на мислење преку писарница или службена електронска пошта, во кое ги образложуваат причините за сомневањето и даваат детални податоци за конкретната ситуација.

Државната комисија на колегиум расправа по барањето на мислење, по што дава мислење, кое се изготвува во писмена форма и се доставува до барателот.

Претседателот или членот на Државната комисија кој го доставил барањето на мислење, на колегиумот утврден во став 2 на овој член се иззема од расправа по тоа барање.

Доколку Државната комисија по конкретното барање даде мислење дека постои судир на интереси/потенцијален судир на интереси, постапувањето продолжува со постапка за изземање на претседателот или членот на Државната комисија кој е засегнат во конкретниот случај."

**„Пријавување на состојба на судир на интереси и изземање**

Член 17-б

Доколку по извршената распределба на предметите, претседателот или членот на Државната комисија се најде во судир на интереси, должен е на состанок на колегиум постоењето на приватниот интерес да го пријави и преку писарница да достави барање за изземање до Државната комисија, во кое се образложува во што се состои приватниот интерес кој доведува до состојба на судир на интереси, односно причините поради кои се бара изземање, со наведување на детални податоци односно информации, заради нивна проверка.

Пријавениот приватен интерес утврден во став 1 на овој член се забележува во службената белешка од колегиумот.

Барањето за изземање утврдено во став 1 на овој член се разгледува на состанок на колегиум на Државната комисија, на кој не учествува подносителот на барањето.

Доколку барањето не е основано, Државната комисија носи одлука за одбивања на барањето поради не постоење на судир на интереси, причините се констатираат во службената белешка од колегиум и за истото барателот ќе биде известен.

Доколку Државната комисија утврди дека барањето е основано, носи одлука за изземање, причините се констатираат во службената белешка од колегиумот и предметот се прераспоредува согласно одредбите на овој Деловник.

Во понатамошното постапување по конкретниот предмет, Државната комисија расправа и одлучува без учество на изземениот член, при што кворумот за работа и одлучување на Државната комисија се сметаат без изземениот член, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку по конкретниот предмет е утврден судир на интереси на претседателот, при расправата и одлучувањето по тој предмет со седницата ќе претседава заменик-претседателот на Државната комисија.

Доколку по истиот предмет е утврден судир на интереси и кај заменик-претседателот, при расправата и одлучувањето по тој предмет со седницата ќе претседава еден од преостанатите членови на Државната комисија за што се носи одлука со мнозинство гласови од присутните членови."

**Член 7**

Во член 19 ставот 3 се брише.

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 3 и 4.

**Член 8**

Во член 36 ставот 5 се менува и гласи:

„Распределба на предметите се врши електронски, по случаен избор, при што на претседателот на Државната комисија, распределба се врши после секое трето распределување на предмети на членовите.„.

**Член 9**

Во членот 36-а став 1 зборовите „предметите од областа на антикорупциска проверка на легислативата и„ се бришат.

Ставот 2 се брише.

Ставот 3 станува став 2.

**Член 10**

Во член 39 ставот 1 се менува и гласи:

„Претседателот или членот на Државната комисија, при постапувањето по предмет, го насочува и координира преземањето на сите дејствија кои му стојат на располагање за утврдување на фактичката состојба и носење на соодветна одлука,

барање на информации и податоци од надлежните институции или од правни и физички лица, вршење непосреден увид во документацијата на јавните институции и други правни лица, повикување лица, земање изјава од лицето на кое се однесува пријавата, повикување стручни лица да дадат стручно мислење и друго.„

Член 11

Во член 39-а ставот 2 се брише.

Ставот 3 станува став 2.

Член 12

Во членот 40 став 1 се менува и гласи:
„Државната комисија одлука по предметите донесува на седница со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.„

Во ставот 5 по зборот „комисија“ се додаваат зборовите „во деперсонализирана форма“.

Член 13

Во членот 41-а став 2 зборовите „организационата единица за антикорупциска проверка на легислативата„ се заменуваат со зборот „се„, а зборот „го„ се брише.

Ставот 3 се брише.

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 3 и 4.

Во ставот 5 кој станува став 4 зборовите „организационата единица за антикорупциска проверка на легислативата„ се заменуваат со зборот „се„, а зборот „го„ се брише.

Ставот 6 се брише.

Во ставот 7 кој станува став 5 зборовите „организационата единица за антикорупциска проверка на легислативата„ се заменуваат со зборот „се„, а зборот „го„ се брише.

Ставот 8 се брише.

Во ставот 9 кој станува став 6 зборовите „организационата единица за антикорупциска проверка на легислативата„ се заменуваат со зборовите „Државната комисија„.

Ставот 10 станува став 7.

**Член 14**

Во членот 57-а став 2 зборот „пет„ се заменува со зборот „три„.

По ставот 3 се додава нов став кој гласи:

„Државната комисија донесува Деловник за работа на Прекршочната комисија.„

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

**Член 15**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**